Република Северна Македонија
Министерство за образование и наука
Сектор за основно образование

Republika e Maqedonisë së Veriut
Ministria e Arsimit dhe Shkencës
Sektori për arsim fillor

Бр. 12-2428/1
Датум 11.02.2020

До

Природно математичко здружение „Армаганка"

Ул. „Дрезденска" бр.19/1-305

Скопје

ПРЕДМЕТ: Одговор на барање

Почитувани,

Во врска со Ваше барање на информација од јавен карактер, а по однос на прашања поврзани со организација на меѓународни натпревари по математика на територијата на нашата држава Ве известуваме за следното:

По однос на прашањето дали Министерството за образование и наука издава лиценци за организирање на меѓународни натпревари по математика на територијата на државата, Ве известуваме дека согласно член 44 од Законот за основното образование („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.161/2019) како и согласно член 24 –а од Законот за средно образование („Службен весник на Република Македонија" бр. 44/1995, 24/1996, 34/1996, 35/1997, 82/1999, 29/2002, 40/2003, 42/2003, 67/2004, 55/2005, 113/2005, 35/2006, 30/2007, 49/2007, 81/2008, 92/2008, 33/2010, 116/2010, 156/2010, 18/2011, 42/2011, 51/2011, 6/2012, 100/2012, 24/2013, 41/2014, 116/2014, 135/2014, 10/2015, 98/2015, 145/2015, 30/2016, 127/2016, 67/2017 и 64/108) за учениците што покажуваат особен успех по одделни предмети се организираат натпревари на општинско, регионално и државно ниво.

Натпреварите ги организираат акредитирани здруженија на наставници кои треба да бидат акредитирани од Министерството за образование и наука. Акредитација/лиценца за организирање на меѓународни натпревари во Законот за основното и средно образование не е предвидена, па оттука Ве известуваме дека по однос на второто прашање дали Министерството има издадено лиценци за организирање на кој било меѓународен натпревар по математика на територијата на Република Северна Македонија, Ве известуваме дека не е издадена лиценца за организирање на меѓународен натпревар по математика во последните три години, бидејќи согласно претходниот и новиот Закон за основното образование и Законот за средното образование не постои основ за издавање на таква лиценца.


Министерство за образование и наука на Република Северна Македонија
Ministria e Arsimit dhe Shkencës e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Ул. „Св. Кирил и Методиј" бр. 54, Скопје
Република Северна Македонија
Rr. „ Shën Kirili dhe Metodi " nr. 54 Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut
+389 2 3117 896
www.mon.gov.mk

По однос на прашањето дали Министерството за образование и наука има издадено лиценца за организирање на меѓународен натпревар за популаризација на Меѓународниот натпревар по математика „Кенгур" Ве известуваме дека Министерството за образование и наука нема издадено лиценца за одржување на овој натпревар, од причина што нема таква надлежност, а воедно согласно член 45 од Законот за основното образование, а и во член 24 –б од Законот за средното образование под меѓународен натпревар се подразбира натпревар на кој учествуваат ученици од најмалку десет различни држави, на кој се споредуваат знаењата помеѓу учениците од различните држави, се врши рангирање на најдобрите ученици од сите земји кои учествуваат. Министерството за меѓународни натпревари кои се спроведуваат по електронски пат на далечина не доделува парична награда.

Имено и во повелбата на Меѓународната асоцијација „Kangourou sans Frontieres" конкретно е наведено дека целта е да се промовира основната математичка култура преку организирање на годишни натпреварувачки игри по математика, чија цел е да стимулираат и мотивираат што поголем број на ученици да размислуваат во насока на заземање учество на други активности, натпревари и олимпијади по математика.

Имено, покрај останатото исто така е наведено дека оваа игра е со цел да привлече максимален број на ученици без притоа да има каква било национална селекција на учесниците, ниту пак да се споредуваат знаењата помеѓу државите.

По однос на прашањето дали Министерството согласно позитивните законски прописи, акредитира здружение кое води екипи или поединци на меѓународни натпревари по математика Ве известуваме дека Министерството нема таква надлежност.

Воедно во член 45 од Законот за основното образование, на барање на акредитираните здруженија на наставници за учество на еден меѓународен натпревар од областите математика, информатика и природни науки, може во текот на една година да ги покрие трошоците за котизација и пат на најмногу шест ученици и најмногу три ментори, чија бројка зависи од правилата на организаторите на меѓународниот натпревар.

За покривањето на трошоците Министерството објавува јавен повик на својата интернет страница во првите три месеци од годината, за што здружението е должно да ја поднесе потребната документација предвидена во член 45 став 7,8,9,10 и 11 од Законот за основното образование.

Со почит,

Министер/Ministër
Dr. Arbër Ademi

Подготвил: Сања Јанчева/Nuran Kadriu Xhambazi
Контролирал: м-р Даниела Граороска/ Наталија Кижевска
Согласен: Елена Ивановска
Одобрил: Назиктере Сулејмани
Дана Бишкоска


Министерство за образование и наука на Република Северна Македонија
Ministria e Arsimit dhe Shkencës e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Ул. „Св. Кирил и Методиј" бр. 54, Скопје
Република Северна Македонија
Rr. „ Shën Kirili dhe Metodi " nr. 54 Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut
+389 2 3117 896
www.mon.gov.mk